Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН
- Центар за еколошка демократија
Бр. 0302/5
29.01 2021 год.
СКОПЈЕ

7

**Влада на Република Северна Македонија**
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН- Центар за еколошка демократија

(Име на здружението/ фондацијата)

## ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

"Биди одговорен за себе и за нашата животна средина и во услови на пандемија"

(Име на проектот)

Скопје, 29. 01. 2021 година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-29/1 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН- Центар за еколошка демократија |
| Наслов на проектот | "Биди одговорен за себе и за нашата животна средина и во услови на пандемија" |
| Период на спроведување на проектот | од 01.07.2019 година до 31.12.2019 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Кирил Ристовски |
| Проектен менаџер | Кирил Ристовски |
| Телефон и е-пошта за контакт | + 389 75 430-251<br>+ 389 78 307489<br>project@florozon.org.mk |
| Цел на проектот | Запирање на ширењето на коронавирусот преку соодветно одлагање на „заразниот" отпад и ублажувањето на последиците од пандемијата за граѓаните, со фокус на најранливите. |
| Целна група | Оваа акција се однесува на сите граѓани на РСМ, со посебен нагласок на маргиналните групи во најкритичните подрачја во државата. При спроведувањето на активностите ќе бидат вклучени сите 29 организации кои се членови на Коалицијата за животна средина, формирана од страна на ЦЕД Флорозон во проектот *Еднаков пристап за ефективна правда.* |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Целно подрачје – Скопје, Куманово, Тетово, Кичево, Охрид и Струга. Локација на спроведување – Скопје |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 559.571,00 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 559.341,00 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Со одлуката од Владата на Република Северна Македонија, донесена на 45 - тата седница, стапена на сила од 23.04.2020, сите граѓани во РС Македонија мора да носат лична заштитна опрема за носот и устата која може да биде: респираторна маска, хируршка маска за една употреба, текстилна памучна маска, марама, шал, бандана и слично.

Хируршките маски и медицинските ракавици за еднократна употреба, кои граѓаните масовно ги применуваат, претставуваат голем ризик од понатамошно ширење на вирусот, пред сè поради непрописното одлагање, но исто така ја загадуваат и контаминираат животната средина. Водени од потребата за справување со овие предизвици, здружението на граѓани **Центар за еколошка демократија ФЛОРОЗОН Скопје**, започна со реализација на проектот "Биди одговорен за себе и за нашата животна средина и во услови на пандемија".

Целта на проектот е да се придонесе во борбата против ширењето на коронавирусот преку соодветно одлагање на тн. КОВИД - 19 отпад и ублажувањето на последиците од пандемијата врз граѓаните, со посебен акцент на најранливите општествени групи.

На самиот почеток на проектот, извршени се серија состаноци со релевантните чинители за управување со КОВИД-отпадот (јавните комунални претпријатија), како и со ланците маркети, со цел да се презентираат целите на проектот и очекуваните резултати.

Во рамки на проектот набавени се 75 корпи за отпадоци кои и инсталирани се во неколку градски центри во (Скопје, Куманово, Тетово, Кичево, Охрид и Струга) со што се придонесе кон минимизирање на загадувањето на животната средина од несоодветното одлагање на задолжителните маски и ракавици за еднократна употреба. Имено, со проектот на видливи места пред поголемите ланци на маркети се поставени корпите за таа намена, како и 130 информативни постери и 1000 флаери, со цел да се информираат граѓаните како правилно да го одлагаат отпадот од еднократните маски и ракавици. ТИНЕКС, КИПЕР, ЕЛИДА и АТВА маркетите преземаа одговорност за обезбедување простор пред маркетите за поставување на корпите, како и повремено одлагање на собраниот отпад од истите (фреквенцијата на одлагање ќе се одредува во зависност од брзината на нивното полнење) во градските контејнери. Исто така, обезбедени се 2288 соодветни кеси за собирање овој отпад кои се поделени во сите маркети каде што се поставени корипите. Корпите во кои се одлага отпадот од еднократните маски и ракавици се соодветно обележани со цел превенција од мешање со останатиот отпад и информирање на вработените во комуналните претпријатија кои го одлагаат отпадот во градските депонии.

За оваа активност ЦЕД Флорозон потппиша Меморандум за соработка со ЈП Комунална хигиена од Скопје, кои како најрелевантни чинители во областа на одлагање на отпадот во град Скопје силно ја поддржаа оваа акција. Поддршката која ја добивме од ЈП Комунална хигиена Скопје е во насока на информирање на вработените кои го одлагаат отпадот од градските контејнери за посебно спакуваниот отпад од еднократните маски и ракавици. Оваа пракса е широко применета во речиси сите развиени држави, бидејќи сеуште не е воспоставен прецизен протокол кој ќе овозможи најсоодветно одлагање на еднократните потенцијално заразни маски и ракавици. Истата поддршка ја добивме и од Јавните Комунални претпријатија во Куманово, Тетово, Кичево и Струга. При спроведувањето на овие активности, вклучени беа и граѓанските организациии кои се дел од Националната Коалиција за животна средина, кои дополнително придонесоа за подигнување на свеста кај пошироката јавност во градовите каде се спроведуваа акцијата.

Во однос на медиумската кампања, во рамки на проектот, изработен е банер за правилно одлагање на еднократните маски и ракавици кој што беше објавен на веб страните на ЦЕД Флорозон и Екологист, како и на електронските веб портали и социјалните мрежи. Понатаму, изработено е промотивно видео на кое се објаснува постапката за правилно и безбедно одлагање на отпадот, кое беше објавено на веб страните на ЦЕД Флорозон и Екологист, како и на социјалните мрежи. Видеото беше споделено со Коалицијата за животна средина и членките извршија негова понатамошна промоција преку социјалните мрежи.

Во рамки на проектот изработени се три билтени со кои се изврши информирање на граѓаните за влијанието на КОВИД-отпадот врз јавното здравје и природата и се дадоја јасни и прецизни насоки како треба да се постапува со овој тип одпад кој се генерира во домаќинствата. Билтените се објавени на веб страната на ЦЕД Флорозон.

Платформа - Во соработка со инспекторатот за животна средина на град Скопје и подрачните регионални инспекции, канцеларијата на ЦЕД Флорозон овозможи пријавување на прекршоците кои се однесуваат на загадување на животната средина, конкретно со отпадот кој произлегува од еднократните маски и ракавици. За таа цел беше изработена платформа за пријавување на www.ekologost.mk на која граѓаните имаа можност да праќаат фотографии, со податоци за локацијата и лицето кое извршило прекршок.

Понатаму, изработени се три истражувачки стории: „Фрлените маски како ковид-минско поле“, „Глобална борба против коронавирусот и неговиот отпад“ и „Пандемијата ги влоши сите проблеми со отпадот што ги имавме“, кои беа објавени на веб страната на ЦЕД Флорзон. Сториите претставуваа основа за изработка на Предлог Политиките за управување со КОВИД-отпадот, кои беа доставени до Министерство за животна средина и просторно планирање, како и до Влада на Република Северна Македонија, како лобинг алатка за воведување специфични мерки за управување со КОВИД-отпадот. Предлог политиките се достапни на следнив линк: https://florozon.org.mk/downloads/publications/PREDLOG_POLITIKI.pdf

Оттука, од граѓанскиот, бизнис и владиниот сектор се очекува совесно и безбедно одлагање и управување со потенцијално заразниот отпад, со цел заеднички да делуваме во насока на заштита на јавното здравје и зачувување на животната средина.

| **3. Спроведени активности и резултати од проектот**<br>Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати |
|---|

| Активност (како што е | Опис на спроведената активност | Период на | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| предвидено со проектот) | | спроведување | |
| А.1 Спроведување експертски состаноци | Спроведени формални состаноци со здруженија (Коалиција за животна средина), комунални претпријатија (Скопје и Куманово), општински инспектори за животна средина (Куманово) и претставници од ланци маркети (Тинекс, Атва, Кипер и Елида) кои се одговорни за управување со КОВИД 19. Целта на овие состаноци беше да се претстават активностите на проектот и да се осознае што е можно повеќе за максимална заштита на вработените (во комуналните претпријатија и маркетите) за да се овозможи оптимален ефект на сите корисни информации кои ќе бидат спроведени директно на терен и на интернет кампањата. Претставниците од маркетите се согласија да ги обучат своите вработени како правилно да го одлагаат отпадот од специјалните корпи за еднократните маски и ракавици, а комуналните претпријатија се согласија да ги информираат вработените за локациите на градските контејнери во кои ќе се одлага овој отпад во жолти кеси. Сите чинители вземно се согласија за понатамошна промоција и кампања за подигнување на јавната свест за совесно одлагање на потенцијално контаминираниот отпад. Дополнително, јавните комунални претпријатија од Охрид, Струга, Кичево и Тетово беа официјално писмено известени за акцијата и за локациите каде ќе бидат поставени корпите, со цел понатамошно споделување на информациите кон вработените.<br>Како додадена вредност на оваа активност се потпишаните Меморандуми за соработка со Јавното претрпијатие Комунална Хигиена од Скопје и Тинекс Маркетите. Исто така, извршена е промоција на корпите во Куманово од страна на фокал организацијата МОТИВО, кои се дел од Коалицијата за животна средина, на која присуствуваше и овластениот инспектор за животна средина во општина Куманово, г-дин Бобан Бојковски. | 01.07.2020 - 25.08.2020 | Р1. Воспоставен основен систем за примарна селекција на потенцијално контаминираниот отпад од еднократните маски и ракавици;<br>Р2. Воспоставена интерсекторска соработка помеѓу јавните претпријатија, граѓанските организации и приватниот сектор во борбата против ширење на коронавирусот;<br>Р3. Подигнување на јавната свест и сензибилизирање на јавноста за потенцијалниот ризик од ширење на КОВИД – 19 од искористените еднократни маски и ракавици. |
| А2. Дистрибуција на информативни летоци | Оваа активност опфати дистрибуција на информативни летоци во маркетите каде што се поставени корпите за отпад од еднократните маски и ракавици, но исто така и најмаргиналните групи во | 10.08.2020-31.12.2020 | Р1. подигнување на свеста кај граѓаните за соодветно одлагање на отпадот (маски и ракавици) во |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | најкритичните подрачја во државата (Скопје, Тетово , Куманово, Струга, Охрид и Кичево). Информативните летоци се во согласност со сите упатства за нивно безбедно и претпазливо одлагање. Со дисеминација на овие инфо-флаери, ќе испратиме силни препораки до јавноста за тоа како да се справи со потенцијалниот опасен отпад. Испечатени се 1000 флаери кои се дисеминирани во најкритичните подрачја со акцент на најзагрозените групи. | | специјалните корпи за оваа намена. |
| А.3 Спроведување online национална кампања за правилно одлагање на „заразен" отпад | Проектниот тим во соработка со членки/организации од Колацијата за животна средина реализираа национална кампања сочинета од 6 компоненти:<br>А3. 1 On line медиумска кампања (објавување на банер на 6 електронските/ социјалните медиуми)<br>Банерот за подигнување на јавната свест за правилно одлагање на маските и ракавиците за еднокрана употреба е поставен на страната на ЦЕД Флорозон и се појавува на секое отварање на страната, за секој корисник, без разлика колку пати е отворена од страна на ист корисник. Банерите беа дополнително објавени на 6 електронски портали.<br>А3.2 Подготовка и поставување на постери на видливи места (Скопје, Тетово, Куманово, Струга, Кичево и Охрид). Испечатени сѐ на 130 постери на македонски и албански јазик кои се поставени на видни места пред маркетите каде што се поставени специјалните корпи со цел информирање на граѓаните за правилно одлагање на потенцијално контаминираниот отпад.<br>А3. 3 Поставни се 75 корпи за отпадоци наменети за маски и ракавици пред ланците маркети: Тинекс, Кипер, Атва и Елида. Нивната намена е исклучиво за потенцијално контаминиран отпад од маски и ракавици.<br>А3.4 Набавени се 2288 кеси за отпадоци обоени во жолта боја. Целта е при собирање на отпадот од страна на комуналните претпријатија тие да бидат дополнително претпазливи, бидејќи истиот е потенцијално контаминиран и заразен.<br>А3.5 Подготвено е кратоко промотивно видео и промовирано на веб платформи на членките од националната коалиција, на ЦЕД Флорозон, | 01.07.2020-31.12.2020 | Р1. Подобрена комуникација и координација на ГО во Коалицијата за животна средина и волонтеризам од страна на нејзините членови, во насока на дистрибуција на летоци на маргинализираните лица во критичните подрачја (Куманово, Кичево, Струга, Охрид Скопје и Тетово)<br>Р2. Подигнување на свеста кај јавноста за правилно одлагање на потенцијално контаминираниот отпад од еднократните маски и ракавици преку поставување постери на видливи места пред маркетите.<br>Р3. Обезбедување специјализирани корпи и жолти кеси за примарна селекција на потенцијално заразниот отпад од заштитната опрема. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | платформата екологист. мк. Како и на социјалните мрежи.<br>А3.6 Подготвени се 3 вонреден билтени поврзани со отпадот: предизвици и решенија, објавени на социјалните медиуми и на официјалната веб страна на организацијата. | | |
| A4. Online консултативна подршка | Подготвена ел- платформа | 20.10.2020 | |
| A5. Изработка на истражувачки стории | Изработени се три истражувачки стории: „Фрлените маски како ковид-минско поле“, „Глобална борба против коронавирусот и неговиот отпад“ и „Пандемијата ги влоши сите проблеми со отпадот што ги имавме“, кои беа објавени на веб страната на ЦЕД Флорзон и претставуваат основа за подготовка на Предлог Политиките за управување со КОВИД-отпадот. | 17.08.2020-17.10.2020 | Р2. Подигнување на свеста кај јавноста за правилно одлагање на потенцијално контаминираниот отпад од еднократните маски и ракавици. |
| A6. Подготовка на предлог политики. | Предлог Политиките за управување со КОВИД-отпадот, дадоа осврт на постоечките меѓународни и регионални политики за управување со КОВИД-отпадот и дадоа предлози за националните политики кои треба да бидат прилагодени кон постоечката ситуација. Предлог политиките беа доставени до Министерство за животна средина и просторно планирање, како и до Влада на Република Северна Македонија, како лобинг алатка за воведување спрецифични мерки за управување со КОВИД-отпадот. | 02.11.2020 – 20.12.2020 | Р1. Предлог мерки и политики за унапредување на законската рамка за животна средина и подигната јавна свест и информирана јавност, а пред се специфичните целни групи за правилно одлагање на „заразниот“ отпад. |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

/

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| А.1 Спроведување експертски состаноци<br>Спроведени состаноци со јавните комунални претпријатија од Скопје и Куманово, претставници од граѓанските организации и општински инспектор за животна средина (Куманово) | 10 (Претставници од ЦЕД Флорозон, Здружение на граѓани Мотиво, општина Куманово, ЈП Комунална хигиена и Чистота | / | Објави на веб страната на ЦЕД Флорозон и на социјалните медиуми:<br>Состанок со ЈКП Комунална Хигиена Скопје<br>Состанок со ЈКП Чистота и зеленило Куманово |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генералниот секретаријат

| | | | |
|---|---|---|---|
| | и зеленило) | | |
| А2. Дистрибуција на информативни летоци | Дистрибуирани во сите маркети каде што се поставени корпите за еднократни маски и ракавици | 1000 летоци | / |
| А.3 Спроведување online национална кампања за правилно одлагање на „заразен“ отпад<br><br>А3. 1 On line медиумска кампања (објавување на банер на електронските/ социјалните медиуми)<br><br>А3.2 Подготовка и поставување на постери на видливи места<br>Испечатени 1300 постери на македонски и албански и поставени на видливи места пред маркетите каде што се поставени корпите за отпад од заштитната опрема.<br><br>Прес-конференција за потпишување Меморандуми за соработка со ЈП Комунална хигиена Скопје и Тинекс маркетите во ТЦ Зебра, при првата промоција на корпите за еднократни маски и ракавици, одржана на 12.08.2020.<br>А3. 3 Поставни се 75 корпи за отпадоци наменети за маски и ракавици пред ланците маркети: Тинекс, Кипер, Атва и Елида. Нивната намена е исклучиво за потенцијално контаминиран отпад од маски и ракавици.<br><br>Прес-конференција за промоција на корпите во Куманово на 11.09.2020<br><br>А3.4 Набавени се 2288 кеси за отпадоци обоени во жолта боја. Целта е при собирање на отпадот од страна на комуналните претпријатија тие да бидат дополнително претпазливи, бидејќи истиот е потенцијално контаминиран и заразен.<br><br>А3.5 Подготвено е кратоко промотивно видео. Видеото е промовирано на веб платформи на членките од националната коалиција, на ЦЕД Флорозон, платформата екологист. мк, на социјалните мрежи. | Објавен банер на 3 електронски медиуми за линкот: https://florozon.org.mk/<br><br>Поставени на видливи места до корпите за маски и ракавици<br><br>10 (претставници од ЦЕД Флорозон, ЈП Комунална хигиена, Тинекс маркетите, медиуми)<br><br>5 (претставници од Мотиво, овластен инспектор за ЖС, претставници од маркетите Елида) | 1 банер<br><br>1300 постери на македонски и албански<br><br>48 објави на on-line портали, 1 гостување на ТВ Сител – Ја сакам Македонија на 10.08.2020,<br>1 гостување на Македонско радио, утринска програма на 15.09.2020[1]<br><br>Потпишани 4 договори за пренос на сопственост со маркетите Тинекс, Атва, Елида и Кипер и потпишани испратници за прием на корпите.<br><br>2288 кеси<br><br>1 видео<br><br>3 билтени | https://florozon.org.mk/<br><br>Обајевн банер на 6 електронски медиуми<br><br>Објави на on-line портали и на социјалните мрежи[2]<br><br>https://youtu.be/u5ghzFXmoPw<br><br>https://florozon.org.mk/downloads/publications/NE |

[1] Во прилог press clipping за промотивните настани
[2] Во прилог press clipping за промотивните настани

| | | | |
|---|---|---|---|
| A3.6 Подготвени 3 вонреден билтени поврзани со отпадот: предизвици и решенија, објавени на социјалните медиуми и на официјалната веб страна на организацијата. | | | WSLETTER_No1.pdf<br>https://florozon.org.mk/downloads/publications/NEWSLETTER_No2.pdf<br>https://florozon.org.mk/downloads/publications/NEWSLETTER_No3.pdf |
| A4. Online консултативна подршка<br>Подготвена е платформа за пријавување прекршоци преку која граѓаните ќе можат да праќаат фотографии до ЦЕД Флорозон, со податоци за локацијата и лицето кое извршило прекршок, кои ќе бидат проследени до надлежниот инспекторат за животна средина. | | 1 ел. платформа | www.ekologist.mk |
| A5. Изработка на истражувачки стории<br>Изработени се три истражувачки стории: „Фрлените маски како ковид-минско поле“, „Глобална борба против коронавирусот и неговиот отпад“ и „Пандемијата ги влоши сите проблеми со отпадот што ги имавме“, кои беа објавени на веб страната на ЦЕД Флорзон и претставуваат основа за подготовка на Предлог Политиките за управување со КОВИД-отпадот. | | 3 истражувачки стории објавени на 11 портали (прилог пресс клипинг) | https://florozon.org.mk/downloads/investigative-stories/06/Kovid_otpad-MINSKO_POLE.pdf<br>https://florozon.org.mk/downloads/investigative-stories/07/Kovid_otpad-SVET.pdf<br>https://florozon.org.mk/downloads/investigative-stories/08/Kovid_otpad-SOBIRANJE.pdf |
| A6. Подготовка на предлог политики<br>Предлог Политиките за управување со КОВИД-отпадот, дадоа осврт на постоечките меѓународни и регионални политики за управување со КОВИД-отпадот и дадоа предлози за националните политики кои треба да бидат прилагодени кон постоечката ситуација. Предлог политиките беа доставени до Министерство за животна средина и просторно планирање, како и до Влада на Република Северна Македонија, како лобинг алатка за воведување спрецифични мерки за управување со КОВИД-отпадот. | | 1 документ<br>Предлог политики | https://florozon.org.mk/downloads/publications/PREDLOG_POLITIKI.pdf |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Целокупната акција придонесе кон исполнувањето на целите на повикот, при намалување на ширењето на коронавирусот и преземање на итни мерки за справување со кризата предизвикана од коронавирусот COVID -19. Проблемот за соодветно одлагање и управување со потенцијално заразниот отпад, беше директно адресиран преку кампања која се спроведе во рамки на проектот. Поддршата и соработката со јавните комунални претпријатија, бизнис секторот и невладините организации, се покажа како клучен фактор при успешното спроведување на акцијата и постигнување на посакуваните цели и резултати. Пошироката јавност се информираше за правилно и безбедно одлагање на КОВИД-отпадот кој се генерира во домаќинствата, приватните општествено одговорни компании ја докажаа нивната посветеност при борбата против ширењето на коронавирусот, додека комуналните претпријатија, како директно изложени на заразата веднаш се вклучија во акцијата. Сите членови од Коалицијата за животна средина ја дадоа својата контрибуција за национално да се прошири оваа кампања. Понатаму, во

комуникација со надлежниот инспекторат, на локално и национално ниво, а по дојава од страна на граѓаните, тимот на ЦЕД Флорозон ќе продолжи да ги доставува пријавите за прекршоците кои произлегуваат од загадувањето на животната средина со „заразен отпад“. Дополнително подготвените истражувачки стории ќе влијаат врз подигнувањето на јавната свест, а документот Предлог Политики за управување со КОВИД-отпадот се користи сега и во иднина како алатка за унапредување на мерките и политиките за животна средина на национално ниво.

**7. Резиме на Финансискиот извештај**

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Човечки ресурси** | **138.000,00** | **138.000,00** | |
| **II. Оперативни трошоци** | **21.745,00** | **21.745,00** | |
| **III. Директни трошоци** | **399.596,00** | **399.596,00** | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III)** | **559.571,00** | **559.341,00** | |

**8. Документација**
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Скопје, 29.01.2024 год. Кирил Ристовски, Претседател

(Место) (датум) (име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата)

М.П.

Здружение на граѓани - Центар за еколошка демократија ФЛОРОЗОН СКОПЈЕ

(Потпис)

| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на здружението | **Здружение на граѓани Флорозон- Центар за еколошка демократија Скопје** | | | |
| Наслов на проектот | **“Биди одговорен за себе и за нашата животна средина и во услови на пандемија”** | | | |
| Доделена финансиска поддршка | 559,571.00 | | | |
| Кофинансирање (ако е предвидено) | / | | | |
| Вкупен буџет на проектот | 559,341.00 | | | |
| во денари | Одобрено | Реализирано | | |
| Буџетска линија | Вкупно | Реализирано | Остаток | Остаток (%) |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | |
| Проектен координатор | 138,000 | 138,000 | 0 | 0% |
| | | | 0 | |
| | | | 0 | |
| | | | 0 | |
| | | | 0 | |
| Вкупно за I | 138,000 | 138,000 | 0 | 0 |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Транспорт | 10,745 | 10,745 | 0 | 0% |
| | | | 0 | |
| Канцелариски трошоци | | | 0 | |
| | | | 0 | |
| Услуги | | | 0 | |
| | | | 0 | |
| Информации и комуникација | | | 0 | |
| Закуп на простор во медија | | | 0 | |
| | 11,000 | 11,000 | 0 | 0% |
| | | | 0 | |
| Вкупно за II | 21,745 | 21,745 | 0 | 0% |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Активност 2. Дистрибуција на информативни флаери | 8,000 | 8,000 | 0 | 0% |
| Активност 3.1 Он-лине медиумска кампања | 12,000 | 12,000 | 0 | 0% |
| Активност 3.2 Подготовка и поставување на постери на видливо место | 8,000 | 8,000 | 0 | 0% |
| Активност 3.3 Поставување на корпи за отпад | 146,250 | 146,025 | 225 | 0.15% |
| Активност 3.4 Набавка на кеси | 13,500 | 13,499 | 1 | 0.01% |
| Активност 3.5 Подготовка и промоција на кратко промотивно видео | 33,999 | 34,000 | -1 | 0.00% |
| Активност 3.6 Подготовка на 3 вонредни билтени | 28,077 | 28,072 | 5 | 0.02% |
| Активност 5 Изработка на истражувачки стории | 90,000 | 90,000 | 0 | 0.00% |
| Активност 6 Подготовка на предлог политики | 60,000 | 60,000 | 0 | 0.00% |
| Вкупно за III | **399,826** | 399,596 | 230 | **0%** |
| **ВКУПНО I + II + III** | **559,571** | 559,341 | 230 | **0%** |